Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Правилник за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево**

Се објавува Правилникот за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево, донесен на Седницата на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1073/2 Општина Василево
23.08.2023 г. Градоначалник
Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Василево бр. 12/20), Советот на општина Василево на својата редовна седница, одржана на ден 22.08.2023 година го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

**за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево**

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Василево за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево.

**Член 2**

Право на користење на еднократна парична помош и согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само физички лица кои што се жители на Општина Василево а имаат прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево.

**Член 3**

Висината на парична помош за секое прваче изнесува 2.500 денари.

**Член 4**

Распределбата на средствата за парична помош ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Василево на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Василево и на официјалната мрежа т.е. фан страната на Градоначалникот на Општина Василево. Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде до 20 септември.

Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација.

**Член 5**

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Василево формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Василево. По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи баратели на парична помош.

Градоначалникот на Општина Василево, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за парична помош на прифатливиот број на баратели, по што конечната листа со добитници на парична помош се објавува на интернет страницата на Општина Василево.

**Член 6**

Постапката за доделување на парична помош за прваче се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација од страна на еден родител/старател на дете прваче жител на Општина Василево во Архивата на Општина Василево.

Со поднесувањето на барањето подносителот (родител/старател) потпишува изјава за користење на неговите лични податоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба, како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за прваче е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;

- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;

- Копија од Трансакциона сметка на барателот;

- Копија од извод од матичната книга на родените за детето;

- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште – оригинал;

- Копија од решение за старател во случај на старателство.

**Член 7**

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни Архивата при Општина Василево како како и на веб страницата на Општина Василево.

Подносителот на Барањето, документите ги приложува во копија а Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште се доставува во оригинал или на увид по барање на комсијата.

**Член 8**

Барањето за остварување на правото на парична помош за првачe се поднесува во рок до 20 Септември тековната година.

**Член 9**

Надзор на целата постапка ќе врши Љупчо Тегарски – Советник овластен просветен инспектор.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Василево".

08-1073/1<br>23.08.2023 г.

Совет на Општина Василево<br>претседател<br>Ристо Делијанов